Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ПРИРОДА И НАСТАВАТА ПО ОПШТЕСТВО“ ОД ПРОФ. Д-Р КИРИЛ ЦАЦКОВ И ДОЦ. Д-Р СНЕЖАНА ЈОВАНОВА-МИТКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Согласно со Одлуката на Наставно-научниот совет при Факултетот за образовни науки во Штип, бр.2102-322/8 од 10.7.2012 година, а во согласност со правилата за издавање и користење на учебник со наслов „***Методика на наставата по природа и општество***“ од авторите проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска.

Доставениот ракопис со наслов „Методика на наставата по природа и општество“ е наменет за студиските предмети во Одделот за одделенска настава, и тоа: Методика на наставата по природа, застапен во шести семестар со неделен фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) и Методика на наставата по природа и општество, застапен во седми семестар со неделен фонд на часови 2+2+2 (8 кредити). Ракописот, исто така, е усогласен со барањата на иновираната и усогласена со ЕКТ системот студиска програма по методиката на овие наставни предмети. Истиот е во согласност со наставниот план и програми по овие предмети на Факултетот за образовни науки во Штип и се базира на интенциите и барањата на наставниот план и програмски содржини по предметите Запознавање на околината, Природа и Општество од прво до петто одделение од деветгодишното основно воспитание и образование.

Задача на ракописот како учебник е на студентите идни наставници да им овозможи увид во современите стратегии, методи и постапки со кои се остваруваат целите на воспитно-образовната дејност по овие наставни предмети во основното воспитание и образование. Најважни причини на изучување се: кај студентите да се обезбеди поврзување со претходните методички теоретски знаења со конкретната наставна практика во основното образование по овие наставни предмети; да се запознаат со специфичностите и различните облици на организација на активностите за сознавање на природата и општеството; да изградат интегративен приод кон содржините на другите наставни предмети насочени кон целосна реализација на прокламираните цели на деветгодишното основно образование, како и да ги развијат своите компетенции за критичко согледување и вреднување на сопствената работа, односно истражување и усовршување на воспитно-образовната практика.

Со оглед на значајната улога, цели и задачи, а имајќи ги предвид и содржините на предметните програми на студиските предмети Методика на наставата по природа (запознавање на околината) и Методика на наставата по природа и општество, оваа практична теорија поместена во ракописот за учебник, пред сè, претставува толкување, натамошна разработка и систем на практични напатствија за примена на фундаменталните поставки на современата развојна и когнитивна психологија, современа педагогија и дидактика, но и во согласност со посебните барања на посебните методики на другите наставни предмети. Истиот ја нагласува нераскинливата врска со супстратните основи на овие методики, односно со природните и општествените науки.

Имајќи го предвид фактот дека во последно време не е објавен ваков учебник кај нас, а поаѓајќи од улогата и задачите на Методиката на наставата по природа (запознавање на околината) и Методиката на наставата по природа и општество, во ракописот е направен обид во неговата содржина да бидат опфатени сите суштински чинители со кои, во крајна линија, се одредува специфичноста на методичкиот пристап за реализација на воспитно-образовната работа по овие наставни предмети со учениците од првите два циклуса на деветгодишното основно образование, што воедно како сознајна компонента претставува срцевина на современата наставна работа по овие наставни предмети. Сметаме дека во актуелната наставна практика, особено во природно-научното програмско подрачје токму тоа е неговата најслаба страна, која се манифестира со неразвиеност на еден општ модел на сознајниот процес при учењето на оваа возраст.

Ракописот е поделен на вовед (предговор), 29 поглавја, прилози, како и користена литература. Поглавјата се подредени според следниот распоред: историски аспекти на наставата по природа (запознавање на околината) и наставата по општество; краток преглед на наставата по природа (запознавање на околината) и наставата по општество; предмет и задачи на методиката на наставата по природа и наставата по општество; врски на методиката на наставата по природа и наставата по општество со другите науки; значење на наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; цел и задачи на наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество: програмски содржини на наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; основни карактеристики во развојот на учениците, во првиот и вториот циклус од основното образование за формирање на поими од природната и опшествената средина; како да ја запознаеме природната и општествена средина; избор и распоред на содржините на наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; планирање во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; принципи во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; форми / облици на наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; наставни методи во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; наставни стратегии во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; наставни средства во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; наставни објекти за реализирање на наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; иновативни модели на наставна работа во наставата по запознавање на околината, природа и општество; додатната, дополнителната настава и вонннаставните активности во наставата по запознавање на околината, природа и општество; специфичности на наставниот процес во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; настава во комбинирани паралелки; екскурзијата и нејзиното значење во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; картографска писменост во наставата по запознавање на околината: снаоѓање во времето: вреднување на постигањата на учениците во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; позицијата и улогата на наставникот во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; еколошкото воспитание и образование во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; здравственото воспитание, и образование во наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество; и граѓанското образование и имплементацијата на неговите содржини низ наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество. На крајот на ракописот, веднаш по поглавјето користена литература, во поглавјето прилози авторите поместиле неколку практични примери од истражувачки активности на учениците, како и примери на инструменти за следење на знаењата на учениците, тестови на знаења и сл.

Обемот на ракописот изнесува 217 страници, а во содржината на ракописот покрај наведеното авторите поместиле: цитати од користена литература, визуелни прилози (илустрации, табеларни шеми, географски карти-мапи, фотографии, табели), методички апликации, практични задачи за истражување на учениците и примери, графички прикази, компаративни прегледи и сл. Визуелните и останатите прилози го дополнуваат основниот текст, така што основниот текст и визуелниот материјал се поврзани и прават една целина. Илустрациите се во функција на дообјаснување на основниот текст. Подбелешките (фусноти) се поместени под текстот. Прегледот на користената литература, во селективна форма е поместен пред прилозите.

Ракописот за учебник „Методика на наставата по природа и наставата општество“ претставува заокружена целина што ги презентира содржините на предметната програма на Одделот за одделенска настава. Истиот заслужува сериозно внимание, пред сѐ, заради својата посебност во методичкиот приод на проблемот. И, покрај тоа што предметот на проучување на ракописот има прилично суптилна проблематика, тој е пишуван со лесен и разбирлив стил и е достапен за читателите за кои е наменет.

Со овој ракопис се пополнува една празнина во дефицитарната проблематика од учебникарската литература во областа на методоките, а посебно од методиката на наставата по запознавање на околината, наставата по природа и наставата по општество во првите два циклуса од основното образование, и истот како учебник заслужува сериозно внимание. Освен во методичкото оспособување на студентите идни наставници во наставата по Запознавање на околината, наставата по општество и наставата по природа, ракописот како инструктивен материјал ќе придонесе во напредувањето на воспитно-образованата работа на наставниците по овие наставни предмети. Затоа, предлагаме, ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од авторите проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска да биде прифатен за издавање како универзитетски учебник со соодветен тираж.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Бојо Колонџовски, с.р.**